Natasha Todorovska, PhD[1]
Stefan Budzakoski, PhD[2]

UDC: 343.541-053.2:340.13(497.7)

# MBROJTJA PENALO-JURIDIKE E FËMIJËVE NGA DHUNA SEKSUALE

# КРИВИЧНО-ПРАВНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО

# CRIMINAL PROTECTION OF CHILDREN FROM SEXUAL VIOLENCE

**Abstract**

Children are often the victims of various forms of abuse that can occur such as sexual, domestic, psychological violence and the like. What is needed is a priority for the parents and the institutions and protection of the identity of the children as well as taking all the steps that should help in the process of rehabilitation of this type of victims. It is not uncommon for children to hide it for years and not report sexual abuse or harassment that has lasting consequences for their psychological development. Our country in its legislation places these types of abuses in the substantive criminal legislation as well as the special ways of dealing with these victims through special guarantees provided in the criminal procedure legislation.

**Keywords:** child, sexual violence, victim, crime

[1] Assistant professor at Faculty of law and political science, American university of Europe Fon
[2] Full time professor at Faculty of law and political science, American university of Europe Fon

## Вовед

Децата како една од групите на ризик се изложени на насилство токму поради нивната возраст, чуствителност, ранливост, недоволно развиен психолошки апарат итн. Преку поимното определување на сексуалната злоупотреба на децата се подразбира секаков вид контакт или некоја интеракција настаната меѓу дете и возрасно лице при кое доаѓа до вагинален, анален или орален однос, како и сите останати форми на контакт со детето кои се преземаат за сексуални цели. Физичките и психолошките карактеристики на децата се предмет на интерес од аспект на тоа зошто токму тие се специфична група кон која е насочена злоупотребата. Ако се анализираат физичките својства на детето често како жртви се јавуваат лица со одредени телесни или душевни попречености. Додека пак што се однесува до психолошките својства токму поради специфичноста на возраста децата се често наивни, љубопитни, авантуристи, бунтовни, итн.

Децата стануваат жртви во своето семејство, образовните институции, средината во која живеат. Најчесто злоупотребата доаѓа од страна на оние на кои им се доверени на чување и грижа, од нивните врсници и слично. Она што е карактеристично за нашата земја е стравот од пријавување на сторителите поради неколку причини особено срамот од опкружувањето, стравот на жртвата од родителите, недоверба во органите на прогонот и судската правда итн.

## Меѓународни документи за заштита на децата од сексуално насилство

Документите на Обединетите Нации, Советот на Европа и Европската унија (бројни конвении, препораки, декларации и слично) се механизми преку кои се хармонизираат и зацврстуваат националните законодавства за, пред се, превенција од идно повредување на правата на жената и децата.[3]

- **Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации -** Конвенцијата генерално го дефинира детето како секое човечко суштество кое не навршило осумнаесет години од животот, освен ако врз основа на законот на одредена земја

[3] Деаноска-Трендафилова А., Мујоска Е., - "Истанбулска конвенција и казненоправна заштита на децата", стр. 2, достапно на http://maclc.mk/Revii/2013/Deanoska_Mujoska.pdf

полнолетството не се стекнува порано. Конвенцијата на државите им налага да дејствуваат во најдобар интерес на детето. Овој пристап е различен од пристапот на обичајното право којшто се среќава во многу земји, коишто порано се однесувале со децата како со своја сопственост или движен имот, и понекогаш за нивната сопственост се расправало и во семејни спорови. Во многу јурисдикции, правилното спроведување на Конвенцијата налага ревизија на законите за старателство врз деца или пак барем креативен пристап во рамките на постоечките закони.

**- Факултативен протокол на Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажбата на деца, детска проституција и детска порнографија -** Овој протокол им наложува обврска на државите да ја забранат продажбата на децата, детската проституција и порнографијата и содржи листа на дела, што минимум треба изречно да се инкриминираат во домашното законодавство: нудење или прифаќање дете со цел за сексуална експлоатација; трансфер на органи од дете поради профит или ангажирање на дете во присилна работа; незаконито посвојување итн.[4] Протоколот ја дефинира детската порнографија како претставување на дете, вклучено во реални или симулирани експлицитни сексуални активности со какви било средства или какво било претставување на половите органи за детето, пред сè за сексуални цели и ги задолжува државите-потписнички да го инкриминираат произведувањето, дистрибуирањето, ширењето, увезувањето, нудењето, продажбата или поседувањето на детска порнографија.

**- Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 12 јули 2007 година -** Конвенцијата се занимава со сексуалната злоупотреба, детската проституција и порнографија, принудувањето на децата за учество во порнографски претстави и секс-туризмот. Според Конвенцијата под сексуална експлоатација се подразбира сексуално злоставување, детска проституција, детска порнографија, учество на детето во порнографски претстави. Сексуалното злоставување *(член 18 од Конвенцијата)* ова дело го инкриминализира ако постојат сексуални активности со дете кое согласно домашното законодавство не навршило одредена возраст кога сексуалните

[4] Камбовски В., Велкова Т., "Малолетничка правда", Скопје, 2008 година, стр.62

активности се допуштени за стапување на дете во сексуални активности и кога е применета присила, сила или закана или ако злоупотребата се врши од позиција на авторитет, доверба или влијание над детето вклучително и состојбата во семејството.

**- Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство од 11.5.2011 година, (Истанбулска (CAHVIO) конвенција)** – Насилничкиот криминалитет бележи постојан пораст. Во врска со тоа, неколку факти се исклучително загрижувачки: имено, расте трендот на насилнички криминал извршен од страна на малолетници, но и бројот на малолетни жртви на казнените дела воопшто; некои посебни облици на насилство, исто така се во пораст – насилството врз жените и децата станува секојдневие, а поконкретно – сексуалното насилство врз децата бележи значителен подем. Во врска со таквата ситуација, на законодавен план и компаративно и глобално набљудувано, се забележува засилена легислативна активност.

## Кривично-правна заштита од сексуалното насилство врз децата во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија се направени крупни реформи во материјалното казнено законодавство и во делот на кривичните дела против половата слобода и половиот морал, така што некои инкриминации се изменети или дополнети со нови ставови или се инкриминирани нови поведенија преку примена на препораките од Конвенцијата за правата на детето и Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажбата на деца, детската проституција и детската порнографија.

Сексуалното насилство е инкриминирано во кривичните дела поместени во *Глава XIX од Кривичникот законик: Кривични дела против половата слобода и половиот морал.*

Силувањето претставува принуден сексуален акт во кој сторителот употребува закана, физичка сила, принуда, измама, ја искористува менталната неспособност на жртвата за изразување несогласност и постапува спротивно на нејзината волја. Станува збор за неправо, сложено, двоактно кривично дело составено од присилба и обљуба. Првиот дел на силувањето се состои во примена на сила и закана со цел совладување на дадениот отпор од

страна на жртвата, а потоа следува вршење обљуба врз присиленото лице кое, воедно, е и вториот акт на ова дело. Извршител на ова дело може да биде било кое лице, од машки или женски пол, кое е способно полово да општи, а притоа потребно е да постои умисла и свест дека со употреба на сила и закана го совладува отпорот на лицето со цел да изврши обљуба.

Имено, согласно *чл.186 ст.1 од КЗ, „тој што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го прислили на обљуба, ќе се казне со затвор од една до десет години“.*[5]

Согласно измената од 2008 година минималната казна за сторителот на ова дело, се зголемува и истата сѐ до денес, изнесува три години затвор. Со измената од 2014 година се воведува нов став (2) со кој ќе се казни лицето кое ќе го изврши делото од ст.1 врз лице кое не наполнило 14 години од својот живот. Целта на ваквата измена е поголема заштита за децата кои не наполниле 14 години од својот живот. Казната за ова дело изнесува затвор од минимум десет години.

Во ст.3 од овој член предвидени се потешки облици на ова дело кои се проследени со тешки психички или физички последици за жртвата. Во случај на смрт на жртвата, појава на тешка телесна повреда или други тешки последици сторителот ќе се казни со казна затвор која не може да биде помала од четири години. Оваа казна се однесува и за сторителот кој делото ќе го изврши на особено суров или понижувачки начин или делото е сторено од повеќе лица, минимум две, од кои секој поединечно го врши актот на обљуба *(чл.186 ст.3 од КЗ).*

Во наредниот став (4) од овој член се пропишува казна затвор од шест месеци до пет години доколку сторителот присили друго лице на обљуба со помош на уцена. Дејствието на ова дело се состои во упатување сериозна закана кон некое лице дека ќе бидат изнесени некои факти, од неговиот личен или семеен живот, или, пак, од животот на лице што му е блиско, а притоа тие факти се непознати за трето лице и можат сериозно да му наштетат на неговиот углед и чест. За разлика од ст.1 каде постои примена на закана и сила, а воедно и отпор кај жртвата, во ст.3 од ова дело сторителот не употребува сила за остварување на целта, туку

[5] Тупанчески Н., "Кривичен законик – интегрален дел- Предговор, кратки објаснувања и Регистар на поими", Скопје, 2014 година

упатува закана со уцена или изнуда и како резултат на тоа не постои отпор кај жртвата. Лицето кое во случаите од ставовите 1, 2 и 3 ќе изврши само друго полово дејствие ќе се казне со затвор од шест месеци до пет години, за делото од ст.1, со затвор од една до десет години за делото од ст.2 и за делото од ст.3 со казна од три месеци до три години затвор *(чл.186 ст.5 од КЗ).*[6]

Карактеристика на кривичното дело *Обљуба врз немоќно лице* е посебната положба во која се наоѓа жртвата, односно, состојба во која едно лице не е способно самостојно да расудува и одлучува, да формира или изразува одредена волја како и постоење на отсуство за разбирање или вреднување на вистинското значење на одредена ситуација или однос. Ваквата состојба кај овие лица може да биде резултат на психички или физички недостатоци. Психички недостатоци кои најчесто се јавуваат кај овие лица се душевно заболување, кое може да биде од траен или привремен карактер, состојба на душевно растројство и интелектуална или карактерна неразвиеност на личноста. Покрај психичките недостатоци кај овие лица може да има и физички недостатоци (различни органски заболувања, инвалидитет...) кои го оневозможуваат ова лице слободно да изразува волја и да пружи отпор спрема сторителот. Токму оваа специфична положба на жртвата претставува посебна мотивација за сторителот да ја искористи, односно, злоупотреби состојбата на немоќ и да ги задоволи сопствените полови страсти. Со ваквото злоупотребување сторителот врши „длабока повреда на општите човечки и социјалноетички норми и негирање на човековото достоинство", па поради тоа законодавецот го третира како потежок облик од силувањето и пропишува построги казни.

Со првиот Кривичен законик на Р. Македонија од 1996 година законодавецот со казна од три месеци до пет години го казнува *„тој што врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор".*[7]

Законодавецот раководен од посебната положба на овие лица, во 2008 година, воведува измени со кои драстично ја зголемува казната за извршителот на ова дело, поточно, она лице кое ќе

[6] Стојчевска И. (2016). "Казнените дела против половата слобода и реформата на казненото законодавство", стр. 4

[7] Кривичен Законик на Р. Македонија, чл.187

изврши злоупотреба на немоќно лице ќе се казни со затворска казна која не може да биде помала од осум години.[8] Доколку, пак, ова дело биде извршено врз лице кое наполнило четиринаесет години, а притоа е немоќно, казната ќе изнесува најмалку десет години затвор.[9]

Потежок облик на ова дело претставува појавата на тешка телесна повреда или друга тешка последица, настапување смрт на жртвата, извршување на делото од страна на повеќе лица или под особено сурови или понижувачки околности. Во овој случај извршителот на ова дело ќе се казне со казна затвор од три години, односно со измените од 2008 година со казна затвор од најмалку десет години или доживотен затвор.

Во последниот ст. (4) од овој член законодавецот пропишува одредба со која го казнува лицето кое ќе изврши друго полово дејствие врз немоќно лице и тоа во ситуација според ст.1 следува казна од три месеци до три години [10] (*со измената од 2008 година, па се до денес, оваа казна изнесува од три години до пет години),* а за извршено друго полово дејствие според ст.2 следува казна од една до десет години затвор *(со измената од 2008, се до денес, казната изнесува од три до десет години затвор).*

*Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години*. Самото име покажува кои лица можат да бидат жртви на ова кривично дело. Станува збор за лица кои се во физички, интелектуален, емоционален, па и сексуален развој, период во кој овие лица не се во состојба да развијат и да возвратат подлабоки емоции со некое друго лице и како резултат на нивната возраст не е возможно да го разберат вистинското значење на сексуалните односи. Последиците од ова дело се огромни и катастрофално тешки за децата, односно, оставаат длабоки трауми во нивниот понатамошен развој и живот. Токму поради специфичноста на лицата кои можат да бидат жртви на ова дело законодавецот во секоја држава посветува посебно внимание изразено преку посебни одредби, во некои земји дури постојат и посебни закони - Закон за педофилија, и особено

---

[8] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик на Р. Македонија, Службен весник 139/08, чл.1

[9] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик на Р. Македонија, Службен весник 27/14, чл.23

[10] Ibid, чл.187 ст.3

строги казни за сторителите со цел нивна заштита и намалување на овој вид криминал.

Во Р. Македонија ова дело е содржано во Кривичниот Законик, односно во чл.*188* постои начелна забрана за извршување на ова дело. Започнувајќи од 1996 година, па сѐ до денес, истата е подложна на голем број измени како во поглед на насловот на ова дело, заострување на казните за сторителите, проширување на кругот на лица кои може да се појават како извршители на ова дело, така и во поглед на воведување нови мерки и активности сѐ со цел спречување и што е можно поголемо намалување на овој вид злосторство Со Кривичниот Законик од 1996 г. ова дело е именувано како *„Полов напад врз дете"* и според чл.188 ст.1 *„ тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете, ќе се казни со затвор од една до десет години"*. Минимална казна затвор од четири години е предвидена за лицето кое ќе го изврши ова дело врз дете притоа искористувајќи ги неговите психички или физички недостатоци, односно неговото душевно заболување, душевна растроеност, заостанат душевен развој, немоќ или друга состојба поради која детето е неспособно за пружање отпор *(ст.2).* Доколку делото е извршено од страна на лице кое е во одреден близок однос со детето, било поради негово чување, издршка, воспитување, пружање медицинска помош или слично законодавецот одредува казна затвор која не може да биде помала од пет години. Во оваа група на извршители влегуваат: наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, лекар или лице кое врши семејно насилство *(ст.3).* Иста затворска казна следува и за сторителот кој делото ќе го изврши на суров или понижувачки начин, кога делото ќе биде извршено од страна на повеќе лица, кога како последица ќе настапи тешка телесна повреда или друга тешка последица или настапи смрт кај детето (ст.4).[11] Со измените од 2008 година, ова дело најпрво е преименувано во *„Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години",* направено е и проширување на лицата кои можат да го направат ова дело, тука влегуваат и крвен сродник во права линија, брат, сестра и маќеа, а исто така направена е и измена во поглед на казната, односно истата е зголемена на минимум 8 години затвор, а за делото од ст.3 казната е удвоена, односно изнесува најмалку десет години. Двојно поголема казна за делото од ст.4, односно

[11] Кривичен Закон на Р. Македонија, Службен весник 37/96, чл.188

казна затвор од минимум десет години или доживотен затвор, е предвидена со измената од 2008 година. Со последната измена на Кривичниот законик делото е преименувано во *"Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години",* и за истото е пропишано казна затвор од најмалку 12 години. Додека за делото од став 2, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку 15 години или со максимум доживотен затвор.

Во многу правни системи, возраста потребна за давање согласност за стапување во сексуален акт се интерпретира како функционална или ментална возраст. Така, жртвите можат да бидат од било која хронолошка возраст помала од функционалната, т.е. менталната возраст. Намерата во постоењето на возраста потребна за давање согласност за стапување во сексуален акт е да се заштитат децата од сексуално искористување од страна на полнолетни лица. Другиот аспект е постоењето случаи каде деца кои не наполниле 14 години се јавуваат како извршители на обљуба со употреба на присила врз други деца кои не наполниле 14 години, па на ваков начин се врши превенирање сторителот да не биде казнет како возрасен. Во некои законодавства постојат т.н. *Ромео и Јулија* закони, каде ако сторителот не е постар повеќе од три години од оштетениот, се смета дека не постои кривично дело.

Еден од ретките облици на сексуално вознемирување кој е опфатен и инкриминиран со Кривичниот законик во *член 190* е кривичното дело *Задоволување на полови страсти пред друг.*

Како посебна кривично дело Кривичниот законик го издвојува и *Подведување и овозможување на полови дејствија, член 192,* при што повторно фокус се става на малолетните лица. *Прикажувањето порнографски материјал на дете е инкриминирано во Кривичниот законик во член 193* (со посебен акцент на оние кои не наполниле 14 години), како и доколку детето се присили, злоупотреби и искористи за снимање на порнографски материјал. Истиот член го препознава и производството и дистрибуцијата на детска порнографија како вид на сексуално насилство. Во овој случај и производителот и дистрибутерот и корисникот на детската порнографија се гонат кривично.

*Во член 193-б* е инкриминирано сексуалното насилство на интернет сторено врз малолетни лица, односно намамување на дете кое не наполнило 14 години на обљуба или друго полово

дејствие, како и производство на детска порнографија со користење на компјутерско комуникациски средства.

Последното инкриминирано кривично дело кое е форма на сексуално насилство, а е казниво со Кривичниот законик на Р.Македонија, е *родоскврнавењето* или познато како *инцест и е регулирано со член 194.*[12]

## Conclusions and suggestions

Sexual violence is one of the most common forms of violence in Macedonia, but at the same time one of the least reported. The reasons are various, from the conservatism and patriarchy of the society, to the non-recognition of the various forms of sexual violence and the insufficient number of legal provisions that sanction the various forms of sexual violence.

International norms and standards sublimate the new orientation of the methods and means for prevention of sexual exploitation of children, systematically placed between the criminal law and the right to protection of the justice of the children. The fact that they are expanding day by day, with which various phenomena such as drug addiction, child trafficking, pornography, exploitation, etc. take on a global dimension and raise the pressure on the level of international regulation and to design effective instruments for its implementation.

Prevention is the most effective form of combating child abuse, but it requires committed parents, civil society organizations, media, state institutions whose priority in the work will be the implementation and respect of children's rights.

The state, through existing state and local mechanisms, such as the National Commission for the Rights of the Child and municipal councils, should ensure regular supervision of children. It should also locate sufficient resources for action plans, sufficient resources for continuing education and training, both for parents and staff working with children deprived of parental care, which I believe should be adequately trained in advance. Legislation on the protection of the minimum age for access to pornographic electronic media should be adopted in full compliance with international and European standards aimed at protecting children from abuse through new technologies.

[12] Димушевска Е. & Трајановска Љ. (2017). "Студија за сексуално насилство", стр. 19

**Рецензенти:**

Проф д-р Владо Камбовски
Проф д-р Африм Османи

**Користена литература**


- Бужаровска Г. (2006). "Малолетничката правда – од ретрибутивност кон ресторативност".Скопје
- Велкова Т., "Правда на децата (малолетничка правда) – терминолошко усогласување или чекор кон стварна имплементација", изворна научна статија, достапно на : http://journal.maclc. mk/2016/ 18.pdf
- Димушевска Е. & Трајановска Љ. (2017). "Студија за сексуално насилство
- Деаноска-Трендафилова А., Мујоска Е. „Истанбулската (CAHVIO) конвенција и казненоправната заштита на децата од сексуално насилство"
- Камбовски В. (2016). "Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија". Скопје
- Камбовски В. (2006). "Теоретски основи на новиот модел на малолетничка правда". Скопје
- Мујоска Е. "Законодавно уредување на половата слобода и половиот интегритет на малолетните лица (компаративен преглед на легислативата на националните законодавства)
- Тупанчески Н. (2014). "Кривичен законик – интегрален дел- Предговор, кратки објаснувања и Регистар на поими". Скопје
- Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба
- Протокол за соработка меѓу надлежните институции во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија
- Правда за децата – Прирачник, УНИЦЕФ, Проект финансиран од Европската Унија
- Светска декларација за опстанок, заштита и развој на децата, усвоена на Светскиот самит за децата, 29-30 септември, 1990 година
- Факултативен протокол на Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажбата на деца, детска проституција и детска порнографија

▪ УНИЦЕФ, Прирачник за имплементација за Конвенцијата за правата на детето, 2007 година

▪ World Healthy Organization Global Status Report on Violence Prevention (WHO: Genova, 2014)

▪ Кривичен законик на Република Македонија, достапен на:

▪ https://jorm.gov.mk/wpcontent/uploads/2016/03/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf

▪ Закон за кривична постапка, достапен на: https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/Zakon_za_Krivicna_postapka_150_18112010-2.pdf

▪ Закон за правда на децата, достапен на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/10/Zakon-za-pravda-za-detsata-29-10-2013.pdf